| | |
|---|---|
| **Назив:** | **Друштвена игра за учење на социјални вештини** |
| **Цел:** | Да се научат и практикуваат основните социјални вештини потребни за активно граѓанство |
| **Методи:** | Инструкции, моделирање, играње игри, усна повратна информација и социјална поддршка |
| **Материјали:** | - Игра „Не лути се човече“<br>- Карти на кои се напишани броевите од 1 – 6 (полињата кои се придвижуваат со фигурите). Секоја карта го има бројот и социјалната ситуација дизајнирана да поттикне одговор од играчот, кој/која мора соодветно да одговорат за да можат да го помрднат дадениот број од картата која ја извлекле.<br>- Се користи шпил од 24 карти поделени во 6 области на вештини (4 карти за секоја вештина).<br>- Играат 3 играчи заедно со водителот на играта кој секогаш е помошникот/наставникот. |
| **Процедура:** | 1. Измешајте ги картите и оставете ги на масата до картончето со играта.<br>2. Помошникот/наставникот ја чита картата што ќе ја извлече секој од играчите. Во почетокот може да игра и помошникот за да видат примери како треба да се одговори правилно на прашањата, а потоа можат и сами, а помошникот само ги чита картите и ја води играта.<br>3. По одговорот на прашањето од картата помошникот ако е точен вели: „Тоа е точен одговор, сега можеш да ја поместиш фигурата за тој број што е на картата“. Ако одговорот е погрешен или нема одговор, помошникот дава пример за одговор, за да го запомнат останатите, но не се поместува фигурата.<br>4. Играчите може во рок од 10 – 20 секунди да го дадат одговорот на прашањето.<br>5. Не е дозволено давање на друг одговор, ако првиот е погрешен, туки се чека повторно да дојде редот.<br>6. Играта продолжува се додека не стаса некој до „куќата“ барем со еден фигурите.<br>7. Откако ќе се искористат сите карти може повторно да се влечат измшани поинаку. |
| **Услови:** | - Помошникот/наставникот дава посебна усна повратна информација на секој играч за секој одговор; ако е даден точен одговор вели: „добро одговорено“; ако е неточно одговорено цели: „тоа не е точно“ ја повторува ситуацијата и дава точен одговор.<br>- Играчите ги движат фигурите само ако одговорот е точен. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 Некој ви кажува дека изгледате одлично денес. Што би рекол? 1 | 1 Твојот пријател има нова блуза. Што би рекол? 1 | 1 Сестра ти има нова фризура. Што би рекол? 1 | 1 Вашиот шеф денес е љубезен со сите. Што би му рекол? 1 |
| 2 Работодавецот ве прашува колку искуство имате за работното место за кое аплицирате. Што би рекол? 2 | 2 Цвеќарот ве кани да одиме на кафе. Што би рекол? 2 | 2 Побараа твое мислење за заштита на животните. Што би рекол? 2 | 2 Вашиот пријател остана без работа. Што би рекол? 2 |

3

Некој ве прашува дали ви се допаѓа сликата што ја нацртале. Мислиш дека не е многу добро. Што би рекол?

3

3

Влегуваш во ресторанот и сакаш да нарачаш нешто за јадење, но келнерот не доаѓа. Каква ќе биде вашата реакција?

3

3

Одиш во болница и чекаш ред за да го видиш докторот. Но некој доаѓа по тебе и влегува пред тебе. Каква ќе биде вашата реакција?

3

3

Вашиот цимер не подготвува највкусна храна. Што би му кажале?

3

4

Некој ви кажува дека вашиот цртеж не е многу добар. Што би направил ти?

4

4

Шефот ти вели дека не си ја завршил работата навреме. Што ќе му одговориш?

4

4

Ти велат дека не можеш да возиш автомобил поради тоа што си лице со оштетен слух. Како ќе реагираш?

4

4

Другарите те исмејуваат за новата фризура. Што ќе им одговориш?

4

5

Наставникот мисли дека не треба да се оди на пикник, но учениците сакаат. Како можеа да се договорат?

5

5

Твојот цимер сака да ги извади завесите од собата, но тебе ти пречи светлината. Кое е решението?

5

5

Во ресторанот ви кажуваат дека нема место за вас и покрај тоа што сте резервирале претходниот ден. Што ќе правиш?

5

5

Еден колега не сака да работи со вас затоа што сте премногу бавни. Што ќе му кажеш?

5

6

Вие сте во ресторан и не можете да најдете тоалет. Што би направил ти?

6

6

Одиш во кино и бараш соодветно место за твојата количка. Како ќе побараш?

6

6

Одиш во музеј и сакаш да дознаеш дали има звучни видеа во музејот. Како ќе прашаш?

6

6

Има избори во твоето место. Сакаш да побараш дали има гласачки ливчиња со Брајово писмо. Како ќе побараш?

6